УДК: 323.1:341.231(100)(091)

Мехмет ПРИШТИНА
докторант во Институтот за национална историја, Скопје
mprishtina@gmail.com

# УШТЕ ЕДНАШ ЗА „ПРАВОТО НА НАЦИИТЕ НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ“ ВО ПЕРИОДОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

*Апстракт.* – Во статијата се претставени: еволуцијата на погледите во однос на „правото на нациите за самоопределување“ за време на Првата светска војна; причините за различно толкување на поимот „нации“; „принципот на прагот“ („животоспособност“) како парниот принцип на „правото на нациите на самоопределување“.

*Клучни зборови.* – „право на нации за самоопределување“, „принцип на прагот“, „животоспособност“, Прва светска војна.

Правото за самоопределување со забрана на агресија; забрана на геноцид; забрана на кривични дела против човечноста; основни норми на меѓународното хуманитарно право; забрана на расна дискриминација и апартхејд; забрана на ропство; забраната на тортура, сега се императивна норма на меѓународното право (jus cogens) со универзална применливост (erga omnes).

Патот кон признавањето на „правото за самоопределување“ за перемпторна норма во меѓународното право бил долг и сложен.

Се смета дека поимот „самоопределување на нациите“ во правен контекст за прв пат бил употребен во 1878 г. за време на Берлинскиот конгрес. По Првата светска војна, „правото на нациите за самоопределување“ веќе станало едно од основните начела на политичкиот либерализам на XX век. Како што забележала меѓународната комисија на правници, формирана во 1920 г. од страна на Советот на Лигата на народите во врска со шведско-финскиот спор поради Аландските острови, иако

„принципот за самоопределување на народите“ не бил спомнат во Уставот на Друштвото на народите, сепак, по Првата светска војна тој имал „важно место“ во „политичката мисла“[1].

Затоа скоро во секој труд што третира прашања поврзани со принципот (правото) на нациите за самоопределување се спомнува периодот на Првата светска војна. Но без оглед на тоа, многу аспекти остануваат неосветлени. Така, *сѐ уште нема општоприфатлив одговор на прашањето што го поставил државниот секретар и неофицијален раководител на делегацијата на САД на Париската мировна конференција, Роберт Лансинг*: „Кога Претседателот зборува за самоопределување, на што фактички тој мисли? Дали тој мисли на раса, на одредена територија, на заедница?“[2].

Дилемите во однос на принципот (правото) за самоопределување, вклучувајќи ја и недоумицата што ја искажал Роберт Лансинг, биле отворени за време на подготовката на Повелбата на Обединетите нации на Конференцијата во Сан-Франциско, поточно на член 1 (став 2) од поглавје I (Цели и начела).

Според професорот по меѓународното право Херст Ханум, ставовите по прашањето на самоопределување од крајот на XIX век до крајот на XX век кардинално се менувале барем три пати[3]. Создавањето на Организацијата на Обединетите нации го обележало крајот на условниот прв период. Конференцијата во Сан-Франциско ги обопштила сфаќањата, пристапите, искуствата од изминатата фаза, вклучувајќи го и периодот на Првата светска војна. Затоа материјалите на Конференцијата, фактички, даваат клуч за одговор на прашањата, за расветлување за кое нема доволно извори.

---

1 https://www.quimbee.com/cases/the-aaland-islands-question-report-submitted-to-the-council-of-the-league-of-nations-by-the-commission-of-rapporteurs

2 За време на Париската мировна конференција Роберт Лансинг во својот дневник запишал: „(…) Кога Претседателот зборува за „самоопределување“, на што фактички тој мисли? Дали тој мисли на раса, на одредена територија, на формирана заедница? Тоа ќе роди надежи кои никогаш нема да можат да се реализираат. Јас се плашам дека тоа ќе чини илјадници животи. И на крајот, овој принцип ќе биде дискредитиран, наречен мечта на идеалист, кој не бил свесен за опасноста додека не станало предоцна (…)“. MacMillan, M., 2003. https://bnk.institutkurde.org/images/pdf/EJNCB23UK7.pdf

3 Периодизацијата на Х. Ханум е следната: првиот период („политички“) од крајот на XIX век до 1945 г.; вториот („деколонијален“), од 1945 г. до крајот на 1970-тите години; третиот („постколонијален“), од крајот на 1970 години. Hannum, H. 1994.

Во случајот, посебен интерес претставува работата на Комитетот 1 при Комисијата I[4] при подготовката на Повелбата на Обединетите нации на Конференцијата во Сан-Франциско, поточно на член 1 (став 2) од поглавје I (Цели и начела).

Во збирниот извештај од шестата седница на Комитетот I/1, одржана на 15 мај 1945 г., како заклучок од претресот по прашањето за самоопределување, била изнесена следната констатација:

„Во однос на принципот за самоопределување, од една страна беше силно нагласено дека овој принцип тесно соодветствува со волјата и желбите на народите насекаде и треба јасно да се изнесе во Поглавјето; од друга страна, беше наведено дека принципот е во согласност со целите на Повелбата само доколку подразбира право на самоуправа на народите, а не право на отцепување“[5].

Соодветно, Комисијата, истакнувајќи ја неопходноста „**принципот** за самоопределување **на народите**“ да биде наведен како една од целите на Обединетите нации, ставила акцент врз внатрешниот аспект на самоопределувањето.

Според разјаснувањето од страна на Комитетот за елиминација на расната дискриминација (Committee on the Elimination of Racial Discrimination), дадено во 1996 г., внатрешниот аспект на „правото на народите за самоопределување“ се однесува на правото на сите народи непречено да реализираат свој економски, социјален и културен развој, без вмешување од надвор, при тоа што владите треба да го застапуваат целокупно население, без разлика на раса, на национално или етничко потекло, а надворешниот аспект на самоопределувањето го претпоставува правото на сите народи слободно да определуваат свој политички статус и свое место во меѓународната заедница.[6]

По претставувањето на збирниот извештај, на 17 мај 1945 г. белгиската делегација го поднела својот амандман за став 2 од член 1.

---

[4] Комисија I (Општи одредби) ја координирала работата на Техничкиот комитет 1 (Преамбула, Цели и Принципи) и Техничкиот комитет 2 (Членови на Организацијата, Амадмани и Секретаријат).

[5] „(...) Concerning the principle of self-determination, it was strongly emphasized on the one side that this principle corresponded closely to the will and desires of peoples everywhere and should be clearly enunciated in the Chapter; on the other side, it was stated that the principle conformed to the purposes of the Charter only insofar as it implied the right of self-government of peoples and not the right of secession (...)“. *Documents of the United Nations Conference,* 1945. p. 296. https://digitallibrary.un.org/record/1300969? ln=en

[6] https://digitallibrary.un.org/record/212171

Потпирајќи се врз заклучокот на Комитетот I/1 дека „принципот е во согласност со целите на Повелбата само доколку подразбира право на самоуправа на народите, а не право на отцепување“, белгиската делегација укажала на опасноста од посочувањето на „правото на народите за самоопределување“ како основа за „пријателските односи меѓу нациите“, бидејќи „тоа би ја отворило врата за недозволиви интервенции“[7].

Загриженоста на белгиската делегација ја споделувале и другите учесници на конференцијата. Така, на пример, потпретседателот на делегацијата на САД, сенатор Томас Конали, резонирал дека прифаќањето на „принципот на самоопределување“ во која било форма би значело поканување на бели[8].

Освен тоа белгиската делегација ја истакнала неопходноста на прецизирање на поимот „нации“:

„Општо се зборува за рамноправност на државите; несомнено, може да се користи зборот ‘народи’ како еквивалент на зборот ‘држави’,

---

[7] „2. The second criticism on the text proposed by the amendment of the sponsoring governments is that it would be dangerous to put forth the peoples' right of self-determination as a basis for the friendly relations between the nations. This would open the door to inadmissible interventions if, as seems probable, one wishes to take inspiration from the peoples' right of self-determination in the action of the organization and not in the relations between the peoples“ („2. Втората критика на текстот предложен со амандманот на владите-иницијаторки е дека би било опасно да се постави правото на народите на самоопределување како основа за пријателските односи меѓу нациите. Тоа би ја отворило вратата за недозволиви интервенции, доколку, како што изгледа веројатно, се сака да се инспирира од правото на народот на самоопределување во делувањето на организацијата, а не во односите меѓу народите“). *Documents of the United Nations Conference,* 1945. p. 300. https://digitallibrary.un.org/record/1300969?ln=en

[8] Тоа била реакцијата на сенаторот на предлогот од страна на советската делегација да се спомне „самоопределување“ во поглавјето за старателство: „The third problem with respect to the Trusteeship Chapter arose in paragraph *b*, 2. The words ‘self-determination’ suggested by the Russians had proved objectionable to the British and French. They had countered with the proposal that the words ‘in accord with the freely expressed will of the people’ be adopted. SENATOR CONNALLY thought that either wording would weaken the position of the United States, but COMMANDER STASSEN thought that this country was protected adequately by the reference to the trusteeship arrangements. COMMANDER STASSEN declared that he would recommend getting the British and French to accept any wording which would suit the Russians. **SENATOR CONNALLY** thought that to accept ‘the principle of self-determination’ in any form would be to invite trouble. ADMIRAL HEPBURN remarked that the Chinese had proposed an acceptable solution that ‘self-determination’ be established on an equal basis with independent and self-government as a third alternative“. https://history.state.gov/historicaldocuments/frus1945v01/d263

но во изразот 'право на народите на самоопределување' зборот 'народи' означува национални групи, кои не се идентификуваат себе си со населението на државата.

Што се однесува до зборот 'нации' употребен на почетокот на овој член, не може да се утврди дали се користи во првото или во второто значење на зборот 'народи'"[9].

Белгиската делегација предложила член 1 (став 2) да гласи: „Да се зајакне меѓународниот поредок врз основа на почитување на суштинските права и рамноправноста на државите и на правото на самоопределување на народите"[10].

Во Извештајот на Поткомитетот I/1/A од 1 јуни 1945 г. било констатирано дека предлогот на белгиската делегација бил одбиен со повеќе од две третини гласови[11] поради, меѓу другото, тоа што целта на став 2 била „да прогласи еднакви права на народите, следствено и нивното право на самоопределување", а „еднаквоста на правата од Повелбата" се однесувала „на држави, нации и народи".[12]

Во Извештајот на Поткомитетот I/1/A од 1 јуни 1945 г. и во Извештајот на Комитет I/1 од 13 јуни 1945 г.[13], со финални препораки за Комисијата I, отсуствувал одговор на прашањето на белгиската делегација за ко-

---

[9] „(...) One speaks generally of the equality of <u>states</u>; surely one could use the word 'peoples' as an equivalent for the word 'states', but in the expression 'the peoples right of self-determination' the word 'peoples' means the national groups which do not identify themselves with the population of a state. As for the word 'nations' used at the beginning of this article, it is not possible to determine whether it is used in the first or in the second meaning of the word 'peoples (...)". *Documents of the United Nations Conference,* 1945. p. 300. https://digitallibrary.un.org/record/1300969?ln=en

[10] „(...) To strengthen international order on the basis of respect for the essential rights and equality of the states, and of the peoples' right of self-determination (...)". *Documents of the United Nations Conference,* 1945. p. 300. https://digitallibrary.un.org/record/1300969?ln=en

[11] Конференцијата во Сан-Франциско ја усвоила следната формулација: „ (...) 2. Да развива пријателски односи меѓу нации врз база на почитување на принципот на еднакви права и на самоопределување на народи, а исто така да презема други соодветни мерки за подобрување на сеопшт мир (...)". https://treaties.un.org/doc/publication/ctc/uncharter.pdf

[12] „(...) That what is intended by paragraph 2 is to proclaim the equal rights of peoples as such, consequently their right to self-determination. Equality of rights, therefore, extends in the Charter to states, nations, and people (...)". *Documents of the United Nations Conference,* 1945. p. 704. https://digitallibrary.un.org/record/1300969?ln=en

[13] *Documents of the United Nations Conference,* 1945. p. 455. https://digitallibrary.un.org/record/1300969?ln=en

ристењето на поимот „нација“. Но и покрај тоа, самото спомнување во амандманот на белгиската делегација на можна еквивалентност на зборот „нација“ и зборот „народ“, на зборот „нација“ и зборот „држава“, а исто контекстот на употребата на поимот „нација“ во материјалите на Конференцијата и во Повелбата, укажуваат дека под поимот „нација“ претежно се подразбирала граѓанска асоцијација („политичка нација“). Не е излишно да се спомне дека поимот *Ethnicity* за прв пат бил внесен во Оксфордскиот речник на англискиот јазик дури во 1953 г.

Анализата на говорите на Вудро Вилсон низ призмата на примена на зборот „нација“ од учесниците на Конференцијата во Сан Франциско, покажува дека тој исто така го користел поимот „нација“ понекогаш во значење на „народ“, понекогаш во значење на „држава“ и секогаш во рамките на граѓанскиот концепт на нацијата.[14]

Ако е така, зошто, на пример, во учебникот, објавен во Скопје во 2022 г., „Етнички конфликти во меѓународните односи“ авторките Ирена Рајчиновска Пандева и Ана Чупеска, повикувајќи се на класикот на етничката конфликтологија Доналд Хоровиц (Donald L. Horowitz), без секакви ремарки се служат со изразот „самоопределувањето од Вилсонов вид (етничкото)“[15]?

Одговорот на тоа прашање се крие во заклучокот, изведен од Ханс Кон уште во 1940-тите години при утврдување на разликите помеѓу „политичка нација“ и „културна нација“[16]: „Од моментот на своето појавување, третиот сталеж претендирал да ги застапува не само новата класа и нејзините интереси, туку и целиот народ. Во државите од типот на Велика Британија, Франција и Соединетите Држави, каде третиот сталеж дошол до израз веќе во XVIII век, национализмот се пројавил главно во политичките и во економските промени (иако со тоа не се ограничил). Таму каде што третиот сталеж бил слаб и кон почетокот на XIX век се наоѓал во најраниот стадиум на развојот, како, на пример, во Германија, Итали-

---

[14] Види, на пример: Lynch. A. 2002, 28. https://library.fes.de/libalt/journals/swetsfulltext/13346001.pdf

[15] „(...) Често, самоопределувањето од Вилсонов вид (етничкото), произведува држави коишто се наменети да припаѓаат на партикуларни народи, вели Horowitz (...)“ – Рајчиновска Пандева, И. и А. Чупеска. 2022. 165. https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/19543.pdf

[16] Поимите „културна нација“ (Kulturnation) и „политичка нација“ (Staatsnation) станале популарни благодарение на германскиот историчар Фридрих Мејнеке. Види: Meinecke, F., 1915 (1 изд. – 1907).

ја и кај словенските народи, национализмот се пројавувал претежно во културата. Првично, овој културен национализам се концентрирал не толку врз идејата за национална држава, колку врз култивирањето на народниот дух (Volksgeist) и неговите пројави во литературата и во фолклорот, во мајчиниот јазик и во историјата. Зацврстувањето на третиот сталеж, заедно со политичкото и културното будење на масите во текот на XIX век, довело кон постепено трансформирање на овој културен национализам во стремеж за формирање на национална држава“[17]; „во западниот свет, во Англија и Франција, Холандија и Швајцарија, во Соединетите Држави и во британските доминиони, подемот на национализмот бил исклучиво политички феномен. Му претходело или, како во случајот со Соединетите Држави, со него се совпаѓало формирањето на идната национална држава. Зад пределите на западниот свет, во Централна, Источна Европа и во Азија, национализмот се појавил подоцна, и, како по правило, на претходниот стадиум на социјално-политичкиот развој... Затоа, пак, во пределите на Запад национализмот во подем главен израз си нашол во сфера на културата“[18].

Како што забележал Ален Дјекоф, за неслободните, таканаречени „мали нации“ од Источна Европа, културата навистина имала посебно значење. Од една страна, културата, создавајќи чувство на заедништвото, „сведочела“ за постоењето на народот со сопствена културна специфика, а, од друга, служела за орудие на отпор против универзалистичките претензии на империите. Но и за овие „мали нации“ барања во доменот на културата биле само пролог кон побарување на политичката независност.[19]

Во борбата за создавање на сопствени независни држави, „културните нации“ (или, зависно од концептот, „етно-културните нации“, „етничките нации“), се повикувале на Вилсоновиот принцип (право) за самоопределување, третирајќи го поимот „нација“, за разлика од Вудро Вилсон, во духот на „примордијализмот“.

Истакнатата дихотомија е причина за појавувањето на таквите синтагми како „самоопределувањето од Вилсонов вид (етничкото)“.

Инаку, во Првата светска војна, интерес за искористување на националните прашања за зајакнување на сопствената позиција првично

[17] Kohn, H., 1946, p. 3-4. https://archive.org/details/in.ernet.dli.2015.190501/page/n17/mode/2up

[18] Ibid. p. 329.

[19] Dieckhoff, A. and Natividad G. (eds.). 2001; Dieckhoff, A. and Jaffrelot C. (eds)., 2005

пројавиле Централните сили. Тие немале некој единствен пристап кон решавањето на националните проблеми и го разгледувале секое национално прашање одделно.

Централните сили посебно го издвојувале полското прашање. Решавачки чекори во однос на полското прашање биле преземени во 1916 г.:

– во април 1916 г. Германската империја дошла до заклучок дека е неопходно да се формира Полското кралство, држава-бафер, што во принцип не одговарало на интересите на Австро-Унгарија, бидејќи таа не губела надеж за припојување на Полското кралство кон Австрија;

– во август 1916 г. Германската империја и Австро-Унгарија сепак се договориле за формирање во иднина на територија на Полското кралство како самостојна полска држава, која би се потпирала на Централните сили;

– во ноември 1916 г. германскиот и австроунгарскиот генерал-губернатор од името на своите императори прогласиле создавање на самостојно Полско кралство, но притоа Ноемврискиот манифест не предвидувал обединување на сите полски земји во границите на Полското кралство; против Ноемврискиот акт се огласиле Велика Британија, Франција, Италија и Руската империја.

Оценувајќи ги одлуките на Централните сили во однос на полското прашање, Г. Ф. Матвеев во статијата „Од историјата на прашањето за правото на нациите на самоопределување во Големата војна" нагласил:

„Историскиот парадокс на овој чекор се состои во тоа што Централните држави, решавајќи се на практички дејствија во однос на полското прашање, ..., и покрај нивната волја, дале зелено светло за трансформирање на паролата ‘правото на нациите на самоопределување’, која се пропагирала од левите сили, во норма на меѓународното право, чие делумно применување во 1918–1919 год. доведе до распадот на Австро-Унгарија и до првите територијални загуби на Германија во XX в.

Треба да се има предвид дека почетокот на востановувањето на новата норма било поврзано со нарушување на другата норма, која ја имала стара традиција. Како што е познато, меѓународното право предвидува дека договори за граници, барем двострани, не се раскинуваат, туку само привремено се стопираат, а нивната промена се оформува по завршување на војната."[20]

[20] Матвеев, Г. Ф. https://cyberleninka.ru/article/n/iz-istorii-voprosa-o-prave-natsiy-na-samoopredelenie-v-gody-velikoy-voyny.

Германската империја не се ограничила само на полското прашање. Во 1916 г. германското министерство за надворешни работи, поттикнувајќи ги центрифугалните сили на Руската империја, формирало Сојуз на народите потиснати од Русија, во кој влегле претставници на Финци, Украинци, Литванци, Евреи, Грузијци и др.

За разлика од Централните сили, Министерството за надворешни работи на Велика Британија есента 1916 г. веќе го разгледувала „националниот принцип" како еден од базичните принципи за идното територијално преуредување на Европа. Во таа смисла Министерството подготвило и специјален меморандум. Иако меморандумот не бил разгледан од страна на владиниот кабинет, важен е самиот факт на разработувањето на посочената идеја.

Во истата 1916 г. 28-от претседател на САД Томас Вудро Вилсон, кој, според зборовите на претседателот на норвешкиот парламент Андерс Јонсен Буен, бил заслужен за внесувањето на „фундаментален закон на човечноста" во меѓународната политика[21], ги истакнал најсуштинските, според него, принципи.

Во својот говор пред американската Лига за воспоставување мир, во мај 1916 г. Вудро Вилсон ги издвоил следните принципи: „Прво, секој човек има право да ја одбере таа врховна власт под која тој ќе живее. [...] Второ, малите држави во светот имаат право на почит на својот суверенитет и својот територијален интегритет, кое го очекуваат и на кое настојуваат големите и моќните нации. И, трето, светот има право да биде слободен од секое нарушување на неговиот мир по пат на агресија и пренебрегнување на правата на народите и на нациите."[22]

Истите тези Вудро Вилсон ги огласил настапувајќи во Сенатот во јануари 1917 г., кога предложил да се прифати доктрината „Монро" како база за идниот мир.

Многумина од истражувачите сметаат дека посочените принципи веќе означувале прогласување на доктрината на национално само-

[21] Одлуката за доделување Нобелова награда за мир на Вудро Вилсон, во 1919 г ја соопштил Андерс Ионсен Буен.

[22] „(...) We believe these fundamental things: First, that every people has a right to choose the sovereignty under which they shall live. [...] Second, that the small states of the world have a right to enjoy the same respect for their sovereignty and for their territorial integrity that great and powerful nations expect and insist upon. And, third, that the world has a right to be free from every disturbance of its peace that has its origin in aggression and disregard of the rights of peoples and nations (...)". Woodrow W. Address delivered at the First Annual Assemblage of the League to Enforce Peace: "American Principles"

определување од страна на Вудро Вилсон.[23] Но тоа тврдење тешко е да се потврди или да се оспори. Ова се фактите:

– Во својот говор пред Сенатот во јануари 1917 г. Вудро Вилсон единствено ја поддржал идејата за формирање на „обединета, независна и автономна" Полска;

– На 4 декември 1917 г., неколку дена пред објавувањето од страна на САД на војната со Австро-Унгарија, претседателот изјавил дека САД немаат намера „да ѝ наштетат или да ја преуредат" Двојната монархија, истовремено истакнувајќи го принципот на немешање во внатрешните работи[24]. Притоа, Вудро Вилсон бил упатен во плановите на Велика Британија за поделба на Австро-Унгарија на Бохемија, Унгарија и Австрија.

За разлика од претходните изјави, говорот на Вудро Вилсон пред заедничката седница на Конгресот на 8 јануари 1918 години, кој е познат како „Четиринаесет точки"[25], несомнено бил доживеан како признавање на „правото на нациите на самоопределување" за „принцип на правда за сите народи и националности".

Во почетокот на својот говор Вудро Вилсон ги спомнал преговорите во Брест-Литовск и настапот на Лојд Џорџ на советувањето со синдикатите на 5 јануари 1918 г.

На првата пленарна седница на мирната конференција во Брест-Литовск (22 декември 1917 г.), советската делегација предложила за база на преговорите да се прифати програма од шест точки: 1. не се дозволуваат никакви насилни присоединувања на територии заземени за време на војната; војските кои ги окупираат тие територии, ги напуштат во најкраток рок; 2. се востановува целосна политичка самостојност на народите кои во текот на војната биле лишени од таквата самостојност; 3. за националните групи, кои до војната немале политичката самостојност, се гарантира можност слободно да го решат прашањето за припадност кон која било држава или за својата државна самостојност по пат

[23] Романов, В. В. https://cyberleninka.ru/article/n/vudro-vilson-o-natsionalnom-samoopredelenii

[24] „(...) We owe it, however, to ourselves, to say that we do not wish in any way to impair or to rearrange the AustroHungarian Empire. It is no affair of ours what they do with their own life, either industrially or politically. We do not purpose or desire to dictate to them in any way. We only desire to see that their affairs are left in their own hands, in all matters, great or small (...)". Woodrow Wilson's Fifth State of the Union Address – Wikisource, the free online library

[25] January 8, 1918: Wilson's "Fourteen Points" | Miller Center

на слободен референдум; 4. се обезбедува културно-национална, а при постоењето на низа услови, и административна автономија на националните малцинства; 5. отказ од контрибуции; 6. решавањето на колонијални прашања се спроведува врз основа на истите принципи.[26]

Посочената програма на советската делегација се базирала врз директивите на В. И. Ленин, кој во однос на правото на самоопределување на народите истакнал: „1. официјално признавање на правото за слободно самоопределување со можност за отцепување и формирање на самостојна држава на секоја (недржавна) нација, која се наоѓа во состав на одредена земја, која учествува во војната; 2. правото за самоопределување се реализира по пат на референдум на целото население на областа, која се самоопределува; 3. географските граници на областа која се самоопределува се утврдуваат од претставници на оваа или на соседните области, кои се избрани по демократски пат“[27].

Соодветно, може да се констатира дека и во директивите на В. И. Ленин, и во самата програма за преговорите на советската страна не само што правото на народите на самоопределувањето се истакнувало како универзален принцип, туку и се предлагал начин на неговото применување, а имено – со референдумско изјаснување. Во врска со тоа Вудро Вилсон истакнал: „Руските претставници презентираа не само совршено дефинирана декларација за принципите врз кои би биле подготвени да склучат мир, туку исто така еднакво дефинитивна програма за конкретна примена на тие принципи“[28]. Но значењето на програмата го определува фактот дека таа била претставена како платформа за **сепаратните** преговори на советската држава со Централните сили.

Лојд Џорџ во својот говор пред синдикатите на 5 јануари 1918 г., кој бил наречен „Мировна декларација“, ги навел следните предуслови за создавање на „нова Европа“, која, според него, би требало да се базира врз „начелата на разум и справедливост“:

1. воспоставување на таков поредок кој ќе обезбеди еднакви права на мали и големи, на слаби и силни нации; 2. правилото дека управу-

---

[26] Види: Chernev, B., 2017.

[27] http://docs.historyrussia.org/ru/nodes/111531-konspekt-programmy-peregovorov-o-mire-napisannyy-v-i-leninym-v-kachestve-direktivy-dlya-russkoy-delegatsii-na-mirnoy-konferentsii-v-brest-litovske-27-noyabrya-10-dekabrya-1917

[28] „Russian representatives presented not only a perfectly definite statement of the principles upon which they would be willing to conclude peace but also an equally definite program of the concrete application of those principles“. – January 8, 1918: Wilson's "Fourteen Points" | Miller Center

вањето треба да е со согласност од страна на управуваните мора да биде основ за секоја реорганизација на заземените територии; 3. востановувањето на целосна политичка, економска и територијална независност на Белгија и исплата на компензации; 4. востановувањето на Србија, Црна Гора и сите заземени области на Италија, Франција и Романија и исплата на репарации; 5. враќање на Алзас и Лотарингија на Франција; 6. создавање на независна Полска; 7. обезбедување на гаранции на народите на Австро-Унгарија за „вистинска самоуправа врз база на вистински демократски принципи“; 8. зачувување на суверените права на Турција во однос на нејзините територии со турско население и нејзината престолнина Константинопол; неутрализација и интернационализација на Босфор и Дарданели; признавањето на посебни национални услови за Ерменија, Арабија, Сирија и Палестина („враќањето на претходниот суверенитет на Турција во однос на овие територии е невозможно“); 9. судбината на германските колонии да се одреди со мировна конференција, врз основа на желбите и интересите на населението на тие колонии; 10. формирање на таква меѓународна организација, која би создала инструменти за решавање на меѓународни конфликти на мирен начин.[29]

Конкретните предлози на Лојд Џорџ биле вклучени во мировната програма на Вудро Вилсон („14 точки“). Така:

– точката седум (VII) содржела предлог Белгија да биде ослободена и востановена, бидејќи без тоа „целата структура и валидноста на меѓународното право“ би биле засекогаш нарушени;

– точката осум (VIII) – целата територија на Франција да биде ослободена и да се исправи неправдата од 1871 г. со враќањето на Алзас и Лотарингија на Франција;

– точката девет (IX) – границите на Италија да се коригираат според „јасно препознатливи национални граници“;

– точката десет (X) – народите на Австро-Унгарија да добијат најголеми можности за автономен развој;

– точката единаесет (XI) – Романија, Србија и Црна Гора да бидат ослободени; Србија да добие пристап до морето; балканските држави да добијат меѓународни гаранции за политичка и економска независност и територијален интегритет;

– точката дванаесет (XII) – турските делови од сегашната Османлиска Империја треба да бидат обезбедени со сигурен суверенитет,

[29] Види: David L. G., 1938. https://archive.org/details/in.ernet.dli.2015.523391

а другите националности кои сега се под турска власт треба да добијат апсолутно неограничена можност за автономен развој; Дарданелите треба да бидат отворени за слободен промет на бродовите и за трговија на сите нации под меѓународни гаранции;

– точката тринаесет (XIII) – на териториите со полското население треба да се формира независна полска држава со слободен и безбеден пристап до морето, а политичката и економската независност и територијалниот интегритет треба да бидат гарантирани со меѓународен пакт.[30]

Разликата помеѓу „Мировната декларација" на Лојд Џорџ и мировната програма, позната како „14 точки", на Вудро Вилсон е во постулирањето на принципите, во случајот на Лојд Џорџ, на нов европски поредок, а, во случајот на Вудро Вилсон, на нов светски поредок.

Лојд Џорџ, посочувајќи дека во „нова Европа" малите и големите, слабите и силните нации треба да бидат изедначени во нивните права, се ограничил со предлози за делумно применување на правото на нациите на самоопределување и формирање на таква меѓународна организација која би создала инструменти за решавање на меѓународните конфликти на мирен начин.

Од 14 точки на мировната програма на Вудро Вилсон, шест се однесувале на општите принципи врз кои би требало да се базира новиот, либерален, светски поредок:

– точка прва (I) – целосна отвореност при склучување на мировни договори, отворена и искрена дипломатија;

– точка втора (II) – апсолутна слобода на морепловство во отворено море зад границите на територијални води како во мирно, така и во воено време, со исклучок на случаи кога отвореното море може да биде затворено целосно или делумно со меѓународен акт;

– точка трета (III) – отстранување по можност на сите економски бариери и воспоставување на еднакви трговски услови за сите држави кои го поддржуваат мирот;

– точка четврта (IV) – прифаќање на обврската да се гарантира намалување на националното вооружување до ниво на самоодржување на националната безбедност;

– точка петта (V) – слободен, отворен и апсолутно непристрасен пристап кон сите колонијални претензии, заснован врз принципот според кој, при решавање на прашања на суверенитетот, интересите на на-

---

[30] January 8, 1918: Wilson's "Fourteen Points" | Miller Center

родите треба да се земат предвид подеднакво со справедливите барања на тие влади чии права треба да бидат одредени;

– точка четиринаесет (XIV) – формирање на сојуз на држави со цел да се обезбедат рамноправи заемни гаранции на политичка независност и територијална целосност како на големите, така и на малите држави.[31]

Оттука, Вудро Вилсон фактички предложил создавање на глобален светски поредок, заснован врз принципите на либерализмот:

– рационалност, која, меѓу другото, претпоставува, дека надворешната политика е именител на многубројните и различни групни интереси;

– нормативност, според која нормите и стандардите, без разлика дали се задолжителни или доброволни, треба да бидат единствени за сите без исклучоци;

– отвореност.

Предлозите на Вудро Вилсон означувале смена на парадигмите во меѓународните односи, а поточно, смена на концептот на „реализмот“, со неговите категории „национален интерес“ и „сила“ (power), со концептот на „либерализмот“.

Но при сето тоа, „правото на нациите на самоопределување“ не било спомнато изрично ниту помеѓу општите принципи наброени од Вудро Вилсон, ниту помеѓу конкретните предлози.

Зошто тогаш прогласувањето на „правото на нациите на самоопределување“ се поврзува со таканаречените „Четиринаесет точки“ на Вудро Вилсон?

Одговорот на ова прашање се содржи во заклучниот дел од говорот на Вудро Вилсон пред заедничката седница на Конгресот на 8 јануари 1918 години:

„Очигледен принцип тече низ целата програма што ја напишав. Тоа е принципот на правда за сите народи и националности и нивното право да живеат под еднакви услови на слобода и безбедност една со друга, без разлика дали се силни или слаби.

Освен ако овој принцип не стане нејзина основа, не може да остане ниту еден дел од структурата на меѓународната правда. Луѓето во Соединетите Американски Држави би можеле да дејствуваат без ниеден

---

[31] Ibid.

друг принцип; и на оправдување на овој принцип, тие се подготвени да го посветат својот живот, нивната чест и сè што поседуваат."[32]

Истакнувањето од страна на Вудро Вилсон на „принципот на правда за сите народи и националности и нивното право да живеат под еднакви услови на слобода" како темел на „меѓународната правда" созда-де претстава за признавање од него на „правото на нациите на самоопределување" за универзална норма на меѓународното право.

Вудро Вилсон, настапувајќи пред Конгресот на 11 февруари 1918 г., ја поткрепил посочената претстава со следната своја изјава: „Националните аспирации мора да се почитуваат; народите сега можат да доминираат и да бидат управувани само со нивна согласност. 'Самоопределување' – тоа не е фраза. Тоа е императивен принцип на дејствување, кој отсега државните дејци ќе го игнорираат на сопствен ризик"[33].

Меѓутоа, конкретно, во однос на „правото на нациите на самоопределување" позициите на Лојд Џорџ и на Вудро Вилсон фактички биле слични: и Лојд Џорџ, и Вудро Вилсон предвидувале партикуларно применување на „правото на нациите на самоопределување".

Впрочем, како што забележуваат познавачите на теоријата на либерализмот[34], во теорија правата се претставувале како универзални, но во пракса нивното применување не се замислувало без ограничувања, а притоа прашањата поврзани со ограничувања не се акцентирале, се одбегнувале. Посочената недореченост го создавала впечатокот дека „се манипулира" со принципите на либерализмот. Сепак, ниту еден принцип не е апсолут, тие се заемно поврзани, посебно парните принципи.

Во таа смисла важен е пристапот, забележан во „Декларацијата за принципите на меѓународното право за пријателските односи и сора-

[32] „(...) An evident principle runs through the whole program I have outlined. It is the principle of justice to all peoples and nationalities, and their right to live on equal terms of liberty and safety with one another, whether they be strong or weak. Unless this principle be made its foundation no part of the structure of international justice can stand. The people of the United States could act upon no other principle; and to the vindication of this principle they are ready to devote their lives, their honor, and everything that they possess (...)". January 8, 1918: Wilson's "Fourteen Points" | Miller Center.

[33] „National aspirations must be respected; peoples may now be dominated and governed only by their own consent. 'Self-determination' is not a mere phrase. It is an imperative principle of actions which statesmen will henceforth ignore at their peril". http://www.gwpda.org/1918/wilpeace.html.

[34] Immanuel W., Will K. и др.

ботка меѓу државите во согласност со Повелбата на Обединетите нации“,[35] иако се однесува на друг временски период (Декларацијата била прифатена од Генералното собрание на ООН на 24 октомври 1970 г.). Меѓу принципите наведени во Декларацијата биле и следните: „принцип на рамноправност и самоопределување на народите“ и „принцип на суверената еднаквост меѓу државите“. Соодветно со првиот принцип, народите имаат право на „создавање на суверена и независна држава, на слободно присоединување кон независна држава или обединување со неа“, а соодветно со вториот принцип „територијалниот интегритет и политичката независност на државата се недопирливи“. Противречноста помеѓу посочените аспекти на двата принципа е очигледна и сепак во Декларацијата е истакнато дека при толкувањето и применувањето на изнесените принципи треба да се има предвид нивната заемна поврзаност и дека „секој принцип треба да се толкува во контекст на сите други принципи“[36].

Со оглед на тоа, принципот на самоопределување на нациите не би можел ниту да се толкува, ниту да се применува без соднос со други принципи, посебно без соднос со својот парен принцип – „принципот на прагот“: постоење на потенцијал на создавање на одржлива („животоспособна“[37]) држава.

„Принципот на прагот“ експлицитно не се потенцирал. Тој се подразбирал.

„Принципот на прагот“ го претставил Ерик Хобсбаум во својата книга „Нациите и национализмот по 1780“:

„...она што е интересно во врска со Лист и подоцнежната ’историска школа‘ на германските економисти за кои тој беше инспирација – како и економските националисти на други земји, како Артур Грифит од Ирска – е во тоа што тој јасно го формулира карактерот на ’либералниот‘ концепт на нацијата што беше сфатен некритички. Таа треба да биде со задоволувачка големина за да се оформи во одржлива и способна целина за развиток. Ако падне под овој праг, таа нема историска оправданост. Иако беше очигледно дека ваквото тврдење бара побивање,

---

[35] https://en.wikisource.org/wiki/United_Nations_General_Assembly_Resolution_2625

[36] „(...) Declares that: In their interpretation and application the above principles are interrelated and each principle should be construed in the context of the other principles(...)“. https://en.wikisource.org/wiki/United_Nations_General_Assembly_Resolution_2625

[37] Види: Жила, Л. И., 2013, 229–242.

ретко бидуваше побиено. Dictionnaire politique на Гарние-Паже (1843) сметаше дека е 'смешно' Белгија и Португалија да бидат независни нации, бидејќи тие беа видно премали. Џон Стјуарт Мил го потврди неспорниот национализам на Ирците врз основа на тоа што тие, откако сè ќе се земе предвид, се 'доволно бројни да бидат во состојба да формираат респективна нација'. [...] Всушност, 'New English Dictionary' зборот 'нација' не го дефинира на вообичаениот прифатен начин од Џ. С. Мил, туку како 'приличен број луѓе' со потребните карактеристики.

Лист јасно констатира дека 'големо население и прилична територија надарена со разновидни национални ресурси се основните услови за нормална националност... Нацијата ограничена од бројот на населението и територијата, особено ако има посебен јазик, може да има само саката литература, сакати институции за промовирање на уметноста и науката. Малата држава никогаш не може на својата територија да ги комплетира потребните гранки на производството'. Економските вредности на големите држави (Grossstaaten), според професорот Густав Кон, ги демонстрира историјата на Британија и Франција. [...] Од овие тези произлегуваат два заклучока што се универзално прифатени од сериозните мислители на оваа тема, дури и кога не ја формулираа експлицитно, како што тоа го сторија Германците, кои имаа извесни историски причини за тоа.

Прво, произлегува дека 'националниот принцип' во практика е применлив само на нации со определена големина. Оттука произлегува и изненадувачкиот факт дека Мацини, апостолот на овој принцип, на Ирска не ѝ предвидуваше независност. Што се однесува на уште помалите нации – Сицилијанците, Бретонците, Велшаните – нивните барања треба да се сфатат уште помалку сериозно. Всушност, зборот 'kleinstaterei' (системот на мини-државите) беше намерно навредлив. Зборот 'балканизација', кој произлегува од поделбата на територијата што беше под Турската Империја во повеќе мали независни држави, уште ја има задржано својата негативна конотација. Двата термина му припаѓаат на речникот на политичката навреда. Начелото за 'прагот' е одлично илустрирано во мапата на идните нации на Европа што лично Мацини ја нацрта во 1857 год.: таа содржеше едвај една ракатка држави и федерации, од кои само една (неоспорно Италија) во иднина нема да биде класификувана како повеќенационална според можните подоцнежни критериуми. [...]

Правото на самоодлучување на нациите беше применливо само за оние што беа прифатени како способни да опстанат: културно и, секако, економски (што и да значи способноста за самоопстанок). [...]

Втората последица се состои во тоа што изградбата на нациите се сфаќаше како очигледен процес на експанзија. [...] Во практиката, ова значеше дека од националните движења се очекува да бидат движења за национално обединување или експанзија. Така, сите Германци и Италијанци се надеваа дека ќе се најдат во една држава, како што направија Грците – Србите ќе се соединат со Хрватите во една југословенска држава (за што не постоеше каков и да е историски преседан) и во таа смисла борците за балканска федерација беа обземени од желбата за уште пообемно единство. [...]

Практично постоеја само три критериуми според кои еден народ цврсто можеше да се квалификува како нација, секогаш под услов да е доволно голема да го премине прагот. Првиот беше постоење на историска врска со постојна држава или со држава што постоела пристојно долго време во скорешното минато. [...] Вториот критериум беше постоење на одамна востановена културна елита, со напишана национална литература и административен жаргон. [...] Третиот критериум, за несреќа мора да биде кажан, беше докажаната способност за освојување. [...]

Значи, такви беа концептите за нацијата и националната држава видени од идеолозите на ерата на триумфалниот буржоаски либерализам (некаде од 1830 до 1880 год.)“.[38]

Кон „идеолозите на ерата на триумфалниот буржоаски либерализам“ припаѓал и Фридрих Енгелс. Магали Родригес Гарсија во својот труд „Рани претстави за интернационализмот. Социјалисти-марксисти и либерали“ истакнува: „На пример, Енгелс разликувал ‘историски’ и ‘неисториски народи’ и тврдел дека ‘освен Полјаците, Русите и турските Словени, ниту еден друг словенски народ нема иднина поради тоа што тие ги немаат неопходните историски, географски, политички и индустриски услови за самостојност и животоспособност. Народите, кои никогаш немале своја сопствена историја, кои од моментот на достигнувањето на првото, најниско скалило на цивилизацијата веќе потпаднале под туѓа власт, или само со помош на туѓиот јарем биле *насилно* издигнати на првото скалило на цивилизацијата, се неживотоспособни и никогаш нема да можат да добијат каква било самостојност’. Затоа марксистите

[38] Хобсбаум, Е., 1993, 46–50, 56–57.

не ги поддржувале сите национално-ослободителни движења, туку само тие националности, кои, според нив, веќе достигнале одредено ниво на политички, економски и културен развој. Дури во текот на XX век, особено по 1917 г., марксистите започнале подоследно да ги поддржуваат движењата на привrзаниците на независноста низ целиот свет. Само советската држава била формирана соодветно на федералниот модел и нејзиниот устав формално го гарантирал националниот суверенитет на сојузните републики и нивното право на отцепување“[39].

Во целост, процесот на „балканизацијата“ се сметал (без исклучоци) за крајно непожелен. Во оваа смисла индикативен е односот на советската страна, која последователно декларативно ја истакнувала паролата „правото на нациите за самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување“.

Така, кога народниот комесар за надворешни работи Г. В. Чичерин дознал дека со „Резолуциите за националните прашања во Средна Европа и на Балканот“, прифатени на V конгрес на Коминтерната, е побарано да се издигнат паролите за „државното издвојување на потиснатите народи од состав на Полска, Романија, Чехословачка, Југославија, Грција“, тој се обратил со писмото до Д. З. Мануилски[40], во кое нагласил:

„Во Прага се дигна голема бура поради некоја непозната за мене резолуција на 5-от конгрес на К[омунистичката] [Интернационала] за националното прашање, во која, демек, се пропишува да се агитира за отцепувањето на германската Бохемија од Чехословачка. Тоа е за мене апсолутно неразбирливо, бидејќи ние никогаш не ја застапувавме таквата гледна точка. Во 1913 г. Владимир Илич [Ленин] патувал низ различни држави со реферат за националното прашање, во кој една од главните мисли била следната: ако ние сме за правото на отцепување, тоа никако не значи дека ние агитираме за тоа отцепување. Тој тоа го објаснувал со следниот пример: ако ние признаваме дека жената има право на развод, тоа не значи дека ние агитираме жената да се разведе.“[41]

Мислењето на Г. В. Чичерин го споделувале и членовите на Комисијата за подготовка на мировни договори и повоено уредување при Народниот комесаријат за надворешните работи на СССР . Така, на седницата на Комисијата, која се одржала на 8 јуни 1944 г., при разгледува-

---

[39] Родригес Г., М. http://karaultheca.ru/west-an/rodriguez-garcia.htm.

[40] На V конгрес на Коминтерната Д. З. Мануилски настапил со реферат за националното прашање.

[41] Т. 1. Д. 1. Забел. 3 кон док. бр. 70., 1999.

њето на прашањето за можното прогласување на Трансилванија за самостојна држава Ја. З. Суриц изјавил:

„На прв поглед подобра е варијантата за самостојна држава. Но таа кај мене предизвикува големи сомневања, дали треба при реорганизација на идна повоена Европа да се залагаме за нејзина парцелација и балканизација, што неоспорно значајно ќе ја засили анархијата во Европа како по Првата светска војна.“[42]

Фактот што Вудро Вилсон во својот пристап кон „правото на нациите за самоопределување“ се сообразувал со „принципот на прагот“ се потврдува со барањата Србија и идната полска држава да добијат слободен и безбеден пристап кон море (точките XI и XIII), бидејќи освен бројност на население и големина на територија, излезот кон море претставувал еден од предусловите за „животоспособност“ на државата.

За учесниците на Париската мировна конференција, при подготовката на мировните договори, создавањето на неопходните претпоставки за „животоспособност“ на државите било една од првостепените задачи. Така, на пример, за секоја држава, која немала излез кон отворено море, бил обезбеден излез преку коридорите. Најпознат е Полскиот коридор, кој подоцна станал еден од поводите за нападот врз Полската Република од страна на Третиот Рајх.

Харолд Николсон, член на британската делегација на Париската мировна конференција, го оставил следното сведоштво: „Повеќе од тоа, ние не добивме насоки во врска со неизбежниот конфликт меѓу ‘самоопределувањето’ и ‘економијата’. Французите настојуваа наша главна обврска да биде новите држави да ги направиме ‘животоспособни’ (како што тие кажувале ‘viables’), или, со други зборови, да им се обезбеди неопходна безбедност, транспортна мрежа и економски ресурси, без кои тие не би биле во состојба да ја одбранат својата независност. Нам никогаш не ни било кажано до кој степен треба да го земаме предвид овој француски аргумент. Немало никакви инструкции дали треба да се признаваат ‘историските’ аспирации (...) и дали треба да го почитуваме принципот на ‘светоста на договорите’ (претежно на тајните договори). Како резултат, сите овие принципи заедно се наведувале како аргументација на нашите препораки“[43].

Навистина, неопходноста од усогласување на различните принципи создало впечаток дека тие се користеле повеќе за образложу-

[42] Документи. Прилог бр. 5. с. 1387, 2008.

[43] Nicolson, H., 1933 – https://archive.org/details/dli.ernet.507137

вање на решенијата на Парискатa мировна конференција. Во секој случај, „принципот за самоопределување“ бил еден од поважните аргументи во полза на формирање на нови суверени држави[44].

Инаку, до прифаќањето на Повелбата на Обединетите нации, принципот (правото) на народите за самоопределување останувал политички принцип, а не норма на меѓународното право.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ИЗВОРИ

*Македонското прашање во документите на Коминтерната.* Скопје, 1999. Т. 1. Д. 1.
*Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940). Документи.* Скопје, 2008
*Documents of the United Nations Conference of International Organization San Francisco, 1945.* Volume VI. Commission I. General Provisions. London, N.-Y., 1945. P. 296. https://digitallibrary.un.org/record/1300969?ln=en
Nicolson, Harold. *Peacemaking, 1919: being Reminiscences of the Paris Peace Conference.* Boston: Houghton Mifflin Company, 1933 – https://archive.org/details/dli.ernet.507137
*War Memories of David Lloyd George.* Odhams Press Limited, London, 1938.
Wilson, W. *Essential Writings and Speeches of the Scholar-president.* New York: New York University Press, 2006
http://docs.historyrussia.org/ru/nodes/111531-konspekt-programmy-peregovorov-o-mire-napisannyy-v-i-leninym-v-kachestve-direktivy-dlya-russkoy-delegatsii-na-mirnoy-konferentsii-v-brest-litovske-27-noyabrya-10-dekabrya-1917
http://www.gwpda.org/1918/wilpeace.html
https://archive.org/details/in.ernet.dli.2015.523391
https://digitallibrary.un.org/record/212171
https://en.wikisource.org/wiki/United_Nations_General_Assembly_Resolution_2625
https://history.state.gov/historicaldocuments/frus1945v01/d263
https://treaties.un.org/doc/publication/ctc/uncharter.pdf
https://www.quimbee.com/cases/the-aaland-islands-question-report-submitted-to-the-council-of-the-league-of-nations-by-the-commission-of-rapporteurs
January 8, 1918: Wilson's "Fourteen Points" | Miller Center
Woodrow Wilson, Address delivered at the First Annual Assemblage of the League to Enforce Peace: "American Principles"
Woodrow Wilson's Fifth State of the Union Address - Wikisource, the free online library.

[44] Како благодарност затоа во периодот меѓу двете светски војни во Полска и во Чехословачка биле поставени споменици на Вудро Вилсон.

## СПИСОК НА ЛИТЕРАТУРА

Chernev, B. *Twilight of Empire: The Brest-Litovsk Conference and the Remaking of East-Central Europe, 1917–1918*. University of Toronto Press, 2017.

Dieckhoff, A. and Jaffrelot C. (eds). *Revisiting Nationalism: Theories and Processes*. New York: Palgrave Macmillan, 2005

Dieckhoff, Alain and Natividad Gutierrez (eds.). *Modern Roots: Studies of National Identity*. Aldershot: Ashgate. 2001

Hannum, H. *Autonomy, Sovereignty, and Self-Determination: The Accomodation of Conflicting Rights*. Philadelphia: University of Pennsylvania Press, 1994.

Heater, D. *National self-determination: Woodrow Wilson and his legacy*. New York: St. Martin's, 1994. https://library.fes.de/libalt/journals/swetsfulltext/13346001.pdf

Kohn, H. *The Idea of Nationalism. A Study in its Origins and Background*. New York: Macmillan, 1946. https://archive.org/details/in.ernet.dli.2015.190501/page/n17/mode/2up

Lynch Allen. „Woodrow Wilson and the principle of 'national self-determination': a reconsideration." Review of International Studies (2002), 28, 419–436.
https://library.fes.de/libalt/journals/swetsfulltext/13346001.pdf

MacMillan, M. *Paris 1919: Six Months That Changed the World*: foreword by R. Holbrooke. Random House, 2003. https://bnk.institutkurde.org/images/pdf/EJNCB23UK7.pdf

Manela, E. *The Wilsonian moment: Self-determination and the international origins of anticolonial nationalism*. Oxford, New York: Oxford University Press, 2007

Meinecke, F. *Weltbürgertum und Nationalstaat. Studien zu der Genesis des deutschen Nationalstaates*. Berlin; Münich: Oldenburg, 1915 (1 изд. – 1907).

Sureda, R. *The Evolution of Self-Determination: A Study of United Nations Practice*. Leyden, 1973

Wolf, L. *Woodrow Wilson and the reimagining of Eastern Europe*. Stanford: Stanford University Press, 2020

Жила, Л. И. „Детерминација на Балканските војни од гледна точка на сфаќањата за „животоспособноста" на државите". 100 години од Балканските војни. МАНУ, 2013

Матвеев, Г. Ф. „Из истории вопроса о праве наций на самоопределение в годы Великой войны".
https://cyberleninka.ru/article/n/iz-istorii-voprosa-o-prave-natsiy-na-samoopredelenie-v-gody-velikoy-voyny

Рајчиновска Пандева, И. и А. Чупеска. *Етнички конфликти во меѓународните односи*. Скопје, 2022. С. 165.
https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/19543.pdf

Родригес Гарсия, Магали. „Ранние представления об интернационализме. Социалисты-марксисты и либералы".
http://karaultheca.ru/west-an/rodriguez-garcia.htm

Романов, В. В. „Вудро Вильсон о национальном самоопределении"
https://cyberleninka.ru/article/n/vudro-vilson-o-natsionalnom-samoopredelenii

Хобсбаум, Ерик. *Нациите и национализмот по 1780. Програма, мит, стварност*. Култура, Скопје, 1993

Mehmet Prishtina
PhD student at the Institute of National History, Skopje

## ONCE AGAIN ON THE "RIGHT OF NATIONS TO SELF-DETERMINATION" DURING THE FIRST WORLD WAR

(summary)

Even though it has been over a century since the end of the First World War, when "the right of nations to self-determination" became one of the key arguments in favor of creation of new states, there is still no single position on the issue how to define the subjects' right to self-determination at that time. One of the main reasons for this situation is the so-called "translation error" – the difference in the treatment of the term "nations" by the "addressees" and "addressors". The article reconstructs and analyses the evolution of the positions of the "addressors" in relation to "the right to self-determination" during the First World War.

Moreover, since the principle of self-determination of nations could neither be interpreted nor applied without reference to other principles, the article draws attention to the "threshold principle" as the co-principle of the "right of nations to self-determination". The "threshold principle" has been thrown into oblivion due to the consequences of its implementation after the First World War, It is enough to mention the Polish Corridor (in accordance with the "threshold principle", the peace agreements created "corridors" to ensure access to the open sea for those countries that did not have it). But "forgetting" the "threshold principle" does not provide an opportunity to understand the positions of the "addressees" in their entirety, and this creates a base for doubts and misconceptions.